

Фестивалот „Денови на разноликоста“ во Скопје е една од основните компоненти на проектот „Безбедни и еднакви: Управување со недискриминација и диверзитет при вработувањето“. Неговата цел е да ја популаризира улогата и вредноста на различноста во општеството. Опсегот на настаните и уметничките содржини презентирани на нив го рефлектираат човечкиот и културниот диверзитет.

Покрај популаризација на различноста, правото да се биде различен, правото на слобода на изразување, културата и уметноста на различни малцинства, фестивалот исто така има за цел да ја едуцира јавноста и подигне свесноста за вредноста на почитувањето на различностите како би се осигурале одржлив развој и благосостојба на општеството.

Огромна благодарност до Музејот на современата уметност - Скопје

Проект „Безбедни и еднакви: Управување со недискриминација и диверзитет при вработувањето“

Овој проект е финансиран од Европската Унија Оперативна програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 (ИПА компонента IV)

Договорна страна
Министерство за финансии
Централно финансирање и склучување договори

Корисник
Министерство за труд и социјална политика

Проектот го спроведуваат Студентски културен центар ШКУЦ од Љубљана и Женска Алијанса од Скопје



## 30 август 2017

**Музеј на современата уметност - Скопје**

20:30-21:00 Пристигнување на гостите
21:00-21:15 Поздравни говори

**21:15-22:45 Концерт**

I дел: Ема Ананиевска (пијано)
апсолвентка на Факултетот за музичка уметност во Скопје

*Програма:*
Франц Лист - Љубовен сон бр. 3
Лудвиг ван Бетовен - Пијано соната бр. 6 во еф-дур, оп. 10 бр. 2
Фредерик Шопен - Фантазија-импромпту оп. 66 во цис-мол
Фани Менделсон Хензел - Септември: На реката, од Годината (Das Jahr)

II дел: Гудачки квартет ВИВА Стрингс
составен од академски музичари, сите членови на НУ Македонска филхармонија
**Елена Талевска**, прва виолина
**Симон Поповски**, втора виолина
**Дубравка Зајкова**, виола
**Дејан Теодосиевски**, виолончело

*Програма:*
Жорж Бизе - Хабанера од Кармен
Дмитриј Шостакович - Валцер бр. 2
Антонин Дворжак - Хумореска бр. 5
Исак Албениц - Танго
Астор Пјацола - Танго од филмот „Мирисот на жената"
Нина Спирова - Еден бакнеж
АББА - Мама Миа
Колдплеј - Часовници
Ерик Клептон - Прекрасна вечерва
Мајкл Џексон - Били Џин
Квин - Сакам да се ослободам
Ренди Крафорд - Еден ден ќе одлетам
Роби Вилијамс и Никол Кидман - Нешто глупаво
Стинг - Англичанец во Њујорк

**22:45-00:00 Изложба на фотографии**

Селекцијата на фотографии од различни автори пристигнати на јавниот конкурс за фотографија на тема недискриминација и диверзитет (во рамките на проектот „Безбедни и еднакви: Управување со недискриминација и диверзитет при вработувањето") е сочинета од фрагменти подредени во строго дефинирана низа, конструирана да се опфатат во единство повеќе причини за дискриминацијата, фокусирајќи се на укажување на корените на проблемите, нивните причини и ефекти врз емотивната состојба на лицата кои живеат во неинклузивна средина, стигматизирани врз основа на економскиот статус, верската и етничката припадност, полот, родот, сексуалната ориентација.
Куратор: **Иван Ивановиќ**

Коктел
Диџеј сет на Костадин Шурбановски - Шурбе

*Бројот на места за седење е ограничен на 100. Ве молиме пристигнете навреме.*

## 31 август 2017

**ЕУ ИнфоЦентар**
**Кафе бар Винил**

*ЕУ ИнфоЦентар*
**20:00-21:40 Филмска проекција на документарецот „Квир Артивизам" (Словенија, 2013), Маша Зиа Ленардич и Ања Вутеј**

„Квир Артивизам" нуди увид во пет различни квир-филмски фестивали преку видео снимки и интервјуа со организаторите. На луѓето, кои немаат можност да патуваат по разните квир-филмски фестивали ширум светот, им дава шанса да доживеат барем пет одгледувајќи само една филмска проекција. Дополнително, со него им се оддава признание на филмаџиите, организаторите на фестивалите и сите оние кои вообичаено остануваат невидливи, но без кои квир-филмските фестивали и квир-филмовите не би постоеле. Во текот на документарецот, интервјуираните ги споделуваат нивните лични приказни и ја елаборираат важноста на квир-филмските фестивали и квир-филмовите, отворајќи нов простор за дискусија, размислување и евалуација на нивните улоги и статус во денешното општество.

Изложба на фотографии (истата поставка од МСУ)

*Кафе бар Винил*
**22:00-00:00 Забава со диџеј Зоки Бејбе**

## 1 септември 2017

**Хотел Порта**

**Интернационална конференција: „Заедно за праведно вработување: Инклузивен пазар на трудот за инклузивно општество"**

Модератор: Огнен Јанески

*На настанот ќе се говори на македонски и англиски. Обезбеден е симултан превод.*

10:00-10:30 Пристигнување и регистрација на учесниците (кафе за добредојде)
10:30-10:40 Поздравен говор од националната проектна координаторка **Гордана Трпчевска** (Женска Алијанса - Скопје)
Воведен говор од проектната менаџерка **Наташа Сукич** (Студенски културен центар ШКУЦ, Словенија)
10:40-10:50 **Никола Бертолини**, претставник од Делегација на Европската Унија во Скопје, шеф на одделот за соработка
10:50-11:05 **Игор Шолтес** (Словенија), пратеник од Зелените/Европски слободен сојуз во Европскиот парламент
11:05-11:15 **Самка Ибраимоски**, министер без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија
11:15-11:25 **Лилјана Поповска**, пратеничка од Демократска обнова на Македонија (ДОМ) во Собранието на РМ
11:25-11:35 **Ивана Туфегџиќ**, независна пратеничка во Собранието на РМ
11:35-11:45 **Улрике Луначек** (Австрија), пратеничка од Зелените/Европски слободен сојуз во Европскиот парламент (видео порака)
11:45-12:15 *Кафе-пауза*
12:15-12:25 **Татјана Греиф**, Студентски културен центар ШКУЦ, Словенија
12:25-12:35 **Јована Тренчевска**, сектор за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика
12:35-12:45 **Лиле Петрова**, самостоен стручен соработник за работни односи во Сојузот на синдикатите на Македонија
12:45-12:55 **Миле Бошков**, претседател на Бизнис конфедерација на Македонија
12:55-13:05 **Анета Петровска Русомароски**, член на Управниот одбор и член на Економско-социјалниот совет на Организацијата на работодавачи на Македонија, раководителка на одделот за човечки ресурси во компанијата ЕВН
13:05-13:15 **Савка Тодоровска**, претседателка на Национален совет за родова рамноправност (НСРР – СОЖМ)
13:15-13:25 **Александра Цветановска**, проектна менаџерка на Проектот на УСАИД за заштита на човековите права што го имплементира Македонско здружение на млади правници
13:25-13:55 *Кафе-пауза*
13:55-15:15 Модерирана дискусија (во интеракција со публиката)
Колку е важна законската заштита во областа на спречување на дискриминацијата во вработувањето? Како би можело да се постигне подобра имплементација на законите кои штитат од дискриминација? (жртвите често молчат и не бараат заштита на своите права) Што да се преземе за зајакнување на социјалниот дијалог за правата на ранливите групи и нивно рамноправно вклучување во пазарот на трудот? Како да се добие поддршката на одговорните, односно водечките актери (работодавачите, синдикатите) за воведување мерки против дискриминација и политика за еднакви можности во вработувањето? Кои се патеките до промената - освестување, мотивирање, сензибилизација, едукација, промоција, корист и предности на сите страни? Кои се главните сојузници, а кои главните препреки и како да ги идентификуваме?
15:15-15:30 Заклучоци и препораки од конференцијата
15:30-16:30 *Ручек*